**Известување за концентрација со која Телеком Србија, акционерско друштво Белград, Србија ќе стекне контрола над GLOBALTEL ДОО Белград, Србија (предмет бр. 08-70/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Претпријатиоето за телекомуникации Телеком Србија, акционерско друштво Белград, со седиште на Таковска бр.2 Белград Србија, има намера да стекне контрола врз GLOBALTEL ДОО Белград, Србија се регистрирано седиште на улица Мекензијева 24, спрат 1 , Белград-Врачар, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Телеком Србија акционерско друштво Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, кој пружа и услуги на фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територијата на Република Србија.

Во Република Северна Македонија, Телеком Србија има едно поврзано лице и тоа Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Максим Горки 11/1-3 Скопје регистрирано за дејност жичани комуникации, односно обезбедува услуги на јавно – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

GLOBALTEL ДОО Белград е оператор на електронски комуникациски услуги и мрежи, нотифициран како виртуелен мобилен оператор.

GLOBALTEL ДОО Белград не остваруваат приходи од продажба во Република Северна Македонија и немаат регистрирано поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата, може да се дефинира ***пазар на давање на услуги на мобилна телефонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.05.2023 година
Скопје